Почитуван началник на Генералштабот на Армијата

почитувани генерали, припадници на Армијата на Република Северна Македонија

почитуван генерал Најт,

почитувани гости и пријатели на Армијата

18-ти Август оваа година одбележуваме голем јубилеј. И тој јубилеј не е само бројка. 30 години Армија, значи 30 години, сигурност, безбедност, но и државност. многумина од вас сте сведоци на почетоците на нашата македонска Армија. Многумина од вас се дел од темелите на нашата национална безбедност. Но токму вие и сите припадници и вработени сте сведоци, но и учесници во промените, во трансформацијата на нашиот одбранбен систем. И токму таа ваша енергија и посветеност ја оствари нашата клучна стратешка цел – членството во НАТО. Да, Армијата беше нашата влезница во НАТО.

Го оствaривме сонот на основачите на македонската независна држава. Достигнување кое значи препознатливост во светот, стабилност и безбедност. Безбедност која нуди шанса за просперитет, авторитет и меѓународен углед. Бевме сами, а сега сме дел од една милијарда луѓе под колективниот безбедносен чадор на НАТО. Седиме на маса заедно со најголемите и најразвиените земји во светот и заеднички ја градиме иднината, го чуваме мирот и ги негуваме демократските вредности.

Во овие 30 години, Армијата на Република Северна Македонија израсна од Армија на младата независна држава, во Армија на НАТО, рамноправна со колегите од сојузничките армии на најмоќниот воено политички сојуз во светот!

Секој припадник на Армијата – војник, офицер, генерал, секој министер, секој началник на Генералштабот низ овие 30 години има свој удел во создавањето на македонската Армијата како институција со препознатлив имиџ за професионалност, дисциплина, мотивација и успех за својата секојдневна работа, но и во мировните мисии и во довербата која ја изгради кај своите граѓани секогаш прва излегувајќи во пресрет да помогне.

Армијата има за што да биде горда пред своите граѓани затоа што вие чесно, мотивирано и професионално си ги извршувате своите задачи, но и многу повеќе од тоа. Кога дојдов на оваа позицијата пред само неколку месеци, првото нешто што го реков е дека од ниту еден вработен во Министерството и во Армијата нема да барам ништо повеќе од тоа што и самата сум подготвена да го направам.

Првенствено, тоа е посветеноста кон одбраната и татковината, истрајноста која очигледно носи видливи резултати и амбицијата која отвора нови можности за подобра Армија, задоволни армиски припадници и побезбедна држава.

Способностите на Армијата не се само зборови на хартија, тоа се вештини на дело. Армијата на дело покажа дека е и способна и мотивирана. Дека функционира според највисоките НАТО стандарди. Нашиот Лесен пешадиски баталјон е првата поголема единица која неодамна беше оценувана според стандардите за оценување на борбена подготвеност на НАТО. Можеме да одиме со исправена глава, зашто покажавме дека сме на одличен пат да ги исполниме сите зацртани НАТО цели на способности. Тоа е првенствено е ваша заслуга!

Граѓаните ја почитуваат и поддржуваат Армијата – затоа што сте првите кои одговарате секогаш и секаде каде што има потреба. Го засиливте нашиот здравствен систем тогаш кога се боревме со најтешките моменти во текот на глобалната пандемија. Излеговте и останавте на терен додека и последниот пожар минатата година не беше изгаснат. Помогнавте кога се соочувавме со големите поплави во Тетовско и Скопско неколку години претходно. Ова е само дел од тоа што за 30 години го вложивте. И затоа инвестираме и во кадар и во опрема и во модернизација. Ја зацврстуваме нашата Армија.

Не ја изгубивме амбицијата да бидеме уште подобри, дури и кога влеговме во НАТО. Да, рекордери сме во брзината со која го завршивме процесот на воена интеграција во Алијансата кој за нас траеше само 19 месеци. Се разбира дека позитивно ги изненадивме сите сојузници и покажавме какви капацитети има македонската одбрана. Тоа го одработивте вие.

Во континуитет покажувате како се сака државата и како се работи за сигурноста на граѓаните и затоа тие ви одговорија така како што знаат, ја дадоа довербата. Армијата е прворангирана институција во која нашите граѓани имаат највисока доверба.

Чест ми е и задоволство да кажам дека успеавме оваа доверба, на сето она што вие го работите да одговориме и со подобри услови за работа и со повисоки плати и со бенефиции кои целосно ги заслужувате.

Последните измени на Законот за Служба во Армијата, не се изнудени, тие се повеќе од заслужени. Но се разбира не застануваме тука. Заедно со вас во континуитет ќе работиме на подобрување на условите и подигнување на стандардите.

После 20 години празни ветувања го решивме и проблемот со сопственоста на доделените станови од поранешниот фонд на ЈНА. Така придонесуваме за помотивирана Армија.

Се грижиме и за условите во кои работите. Иако се соочуваме со една од најголемите здравствени, но и економски и финансиски кризи, не застануваме со реновирање на објектите на касарните и со енергетско-ефикасно затоплување. Тоа се објекти кои биле оставени на забот на времето и денеска го добиваат вистинскиот лик за Армијата. Многупати знаеме да кажеме дека Армијата влезе во НАТО, но веќе со овие инвестиции можеме да кажеме дека и НАТО е во Армијата!

Инвестираме и во опремувањето. Дел од вас веќе работат на воведувањето на првите нови Лесни оклопни возила во арсеналот на нашата Армија, додека се подготвуваме и за пристигнувањето на новите 27 вакви транспортер. И се разбира дека ќе продолжиме со другите набавки кои се веќе во тек затоа што сето тоа што го набавуваме ви е вам потребно за да бидете уште подобри во тоа што го работите. Вие го заслужувате ова и заслужувате уште повеќе повеќе!

Им се обраќам и вработените во Министерството за одбрана, и вие не сте заборавени.

Веќе во тек е донесувањето на новиот Закон за вработени во одбраната, затоа што вие сте составен дел на одбранбениот систем. Вие сте круцијалната алка која овозможува одбранбениот систем да функционира и затоа ќе се заложам и јас, но и сите ние заедно и вие да добиете дополнителен мотив да дадете сѐ од себе за одбраната и за татковината. Затоа продолжете да работите професионално и посветено како и досега, со силен мотив и со амбиција убедени дека и вашата работа е видлива и се вреднува!

Почитувани гости и пријатели на Армијата,

Вам ви благодарам што и овој пат ја покажавте вашата висока општествена одговорност и како и многу пати досега кога на државата и требаше помош вие подадовте рака. Вие вложувате и во Армијата и во одбраната. А ние ќе ви вратиме најдобро што знаеме. Чесно и одговорно ќе продолжиме да работиме за нашата држава.

Нека ни е честит јубилејот!

Нека ни е честит 18 август!

Да живее Армијата!

Да живее Република Северна Македонија!